# Факти

## Основи на инвестирањето

Со приклучувањето кон пензиски фонд станувате инвеститор зашто вашиот работодавач ќе прави придонеси за вас во фондот. Потоа, овие придонеси се инвестираат со цел за добивање на профит.

Пензиските инвестиции се разликуваат од другите кои може да ги правите преку посредник за инвестирање или на линија, делумно затоа што пензиските вложувања се инвестираат на подолго време. Обично, парите од пензискиот фонд не ќе можете да ги извлечете се додека не достигнете ‘определена’ возраст (најмалку 55 години) или се пензионирате.

Кога инвестирате преку голем пензиски фонд вие имате предност и заради големината на инвестициите, зашто тие имаат големи суми на капитал кој го инвестираат, обично наречен раководени фондови (funds under management (FUM)). Во случајот на индустриски пензиски фонд како што е AustralianSuper тоа значи дека вашите трошоци за раководење со парите се помали отколку ако сте инвестирале директно.

### Класи на средства

Кога слични инвестиции се групираат заедно, тие се нарекуваат класи на средства – на пример акциите се класи на средства. Класите на средства може да бидат различни едни од други на начинот како функционираат во определено време во инвестицискиот циклус.

### Акции (наречени и stocks или equities)

Акциите се инвестиции во компании кои се купуваат и продаваат на берзите за акции. Инвестициите во акции може да бидат во австралиски или странски акции.

Тн. Private equity се инвестиции во компании кои не се на списокот на берзите на акции. Инвестициите може да се прават во Австралија и во странство.

### Имот

Инвестициите во имот се типични инвестиции во имот или собирање на имоти. Овие инвестиции често пати се прават со инвестирање во имотни трастови, било да се купуваат директно или преку берзите за акции.

### Инфраструктура

Инфраструктура се инвестиции во неопходни и служби во заедницата, како што се во плин и електрична струја, транспорт, канализација, вода, патишта со патарина и пристаништа.

### Ненаведени средства

Средства, кои не котираат на берзата, се нарекуваат “скриени”. Тие може да вклучуваат и инфраструктура, имот и приватен капитал.

### Фиксна камата

Инвестиции со фиксна камата се кредити на организации кои потоа издаваат обврзници со фиксна камата на инвеститорите (најпознати се како обврзници). Организацијата која добива кредит се согласува да извршува редовни отплати на каматата за време на определен период, со целосна отплата на почетниот кредит до определен рок во иднина.

## Готовина

Готовина се пари инвестирани во орочени депозити и банкарски сметки краткорочно.

## Избор на видот на инвестиции за вашата пензија

Бидејќи нашите членови се во различни фази од животот, со различни разбирања за ризикот и различни идеи за тоа како како нивната пензија да биде инвестирана, AustralianSuper нуди 16 различни можности на инвестирање.

Ако не изберете начин на инвестирање кога ќе се приклучите на AustralianSuper вашите средства ќе бидат инвестирани во врамнотежена опција (Balanced Option). Ова е разнолика група на инвестиции во акции, имоти, инфраструктура, фиксна камата и готовина. Оваа опција е создадена за да ги задоволи потребите за инвестирање на поголемиот број членови.

Вие може да ја смените опцијата за инвестирање во секое време со потполнување на формуларот за *Investment Choice* кој можете да го симнете од нашата интернет страна **www.australiansuper.com/forms**

## Повеќе информации:

Ако сакате да научите повеќе за тоа како функционираат инвестициите и групите на сопственост јавете се на **1300 300 273** и побарајте примерок од *Member Investment Choice Guide*. Некои од вработените во AustralianSuper зборуваат два јазика, а може да ви организираат и преведувач.

## Преглед на главните термини во инвестирањето

### Алокација на средства

Инвестиционо портфолио се создава со инвестирање на различни износи во различни групи на средства. Ова се нарекува алокација на средства.

Износот инвестиран во секоја група на средства на портфолиото обично се изразува како процент од целокупните средства на инвестиционата опција. На пример, врамнотежената опција може да алоцира 2% од целокупниот износ во готовина како дел од нејзината алокација на средства.

### Повраќај од инвестиции

Ова е износот кој се додава или одзема од сметката на членот во зависност од тоа колку заработиле инвестициите за време на тој период. Се изразува како процент од целокупниот износ. AustralianSuper ја објавува стапката на повраќај секојдневно и ги додава повраќаите секои 30 јуни и 31 декември во годината. Овие повраќаи ќе бидат додадени порано ако ги смените инестиционите опции или пак ја напуштите AustralianSuper.

### Нестабилност

Краткорочни промени или промена во вредноста на инвестициите е познато како ‘нестабилност’. По правило, колку групата средства е понестабилна, толку е поризична на краток период.

Овој документ е од општа природа и не ги зема во предвид вашите индивидуални цели, ситуација и потреби. Пред да направите одлука за AustralianSuper, разгледајте ги вашите финансиски потреби и прочитајте ја нашата Изјава за оградување, достапна на **www.australiansuper.com/FormsPublications** или ако се јавите на **1300 300 273**. AustralianSuper Pty Ltd ABN 94 006 457 987 AFSL 233788, Trustee of AustralianSuper ABN 65 714 394 898. ‘Industry Superfund’ логото е користено со дозвола на Industry Fund Services (IFS). Оваа согласност не е повлечена во време кога е отпечатена оваа публикација.